

КАРПОШ
неделен
Е - БИЛТЕН



ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ
27 октомври - 2 ноември 2026 Билтен бр. 658

100 ГОДИНИ ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ – ОПШТИНА КАРПОШ СО ПЛАКЕТА

Градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, присуствуваше на свечената академија по повод одбележувањето на 100-годишниот јубилеј од основањето на Природонаучниот музеј на Република Северна Македонија – Скопје.

По повод овој значаен јубилеј, Општина Карпош доби плакета како признание за соработката и поддршката во афирмацијата на културата, науката и природното наследство.

Овој значаен настан претставува потврда за важноста на зачувувањето и промовирањето на природното богатство, како и заедничката заложба за негово приближување до идните генерации. Општина Карпош и понатаму ќе продолжи да ја поддржува соработката со институциите кои придонесуваат за развојот на науката, културата и образованието.



ОПШТИНА КАРПОШ ДЕЛ ОД ЕВРОПСКАТА ПРОГРАМА THE:PLACE – НОВИ МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА МЛАДИТЕ, СПОРТОТ И ЛОКАЛНИОТ РАЗВОЈ

Општина Карпош продолжува да го зајакнува своето меѓународно партнерство и да отвора нови можности за соработка во областа на младинските политики, спортот и локалниот развој, преку учеството во европската програма THE:PLACE.

Во рамки на програмата, чија цел е зајакнување на капацитетите на граѓанските организации и локалните власти како клучни чинители на локалниот развој, претставникот на Општина Карпош, Роберт Јанковски од Секторот за развој, учествуваше на програмската средба што се одржа во Математичкото село Несин, во областа Измир, Турција.

Средбата претставуваше можност за воспоставување нови партнерства, размена на искуства и дефинирање конкретни насоки за идна соработка меѓу локалните власти и граѓанските организации од различни европски земји и поширокиот регион. Во рамки на форумот, Општина Карпош, како партнер на граѓанската организација ТАКТ, договори соработка со турската организација ЛИДОСК од Анталија, со цел заеднички да развиваат иницијативи и проекти од заеднички интерес.

Посебен акцент во претстојната соработка ќе биде ставен на младите, спортот и младинските политики, како важни области за поттикнување на активното граѓанство, социјалната вклученост и создавањето подобри можности за младите во локалните заедници. Партнерите ќе работат на развивање заеднички проектни идеи, размена на добри практики и јакнење на капацитетите за спроведување активности што ќе имаат конкретен придонес за граѓаните.



ОПШТИНА КАРПОШ И ГРАД СКОПЈЕ ВО ЗАЕДНИЧКА ИНСПЕКЦИСКА АКЦИЈА

Во период од 19 до 26 октомври, Општина Карпош и Град Скопје, спроведоа заедничка инспекциска акција на целата територија на Општината. Целта беше да се постигне комунален ред и хигиена на јавните површини, со примена на засилена контрола на терен од страна на комунални инспектори. Акцијата беше реализирана со полн капацитет на инспекциските служби од двете институции, а Општината беше поделена на пет реони од кој секој реон беше предмет на контрола во две смени.

Во текот на вчерашниот ден, акцијата заврши со целосна контрола на територија на Бардовци и Злокуќани, каде што беше спроведено и чистење на јавни површини, диви депонии, а беа изречени и повеќе прекршочни платни налози.Во акцијата учествуваа вкупно 45 инспектори и комунални редари од двете институции и тоа: девет комунални инспектори, 17 комунални редари, еден градежен иснпектор, шест инспектори за животна средина, двајца инспектори за патишта, двајца инспектори за сообраќај, двајца инспектори за комунални такси, еден инспектор за данок, тројца инспектори за спорт и двајца инспектори за туризам, како и службата за одржување на хигиена на јавните површини од Општина Карпош.
Во текот на акцијата се вршеа целосни и детални контроли во рамки на надлежностите на инспекциските служби. Во одредени случаи, беше побарана и теренска придружба од униформирани полициски службеници од ПС Карпош.



СОНЧЕВА ЕНЕРГИЈА ЗА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСЕН КАРПОШ

Градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, ги промовираше новопоставените фотоволтаични системи во детската градинка „Орце Николов“ во Карпош 3. Во рамки на програмските активности на Секторот за екологија и енергетска ефикасност, започнато е поставување фотоволтаични централи и во три детски градинки – „Орце Николов“ во Карпош 3, „Пролет“ во Козле и „Мајски цвет“ во Тафталице 2.

За реализацијата на оваа инвестиција Општина Карпош издвојува 2.139.988 денари од сопствениот буџет. Градоначалникот Лукровски истакна дека вложувањето во обновливи извори на енергија е инвестиција во долгорочна одржливост, намалување на трошоците и создавање подобри услови за престој на најмладите. Ова е продолжение на успешниот процес на енергетска трансформација на општинските објекти.

Во текот на 2024 и 2025 година, фотоволтаични системи беа поставени на сите 10 основни училишта под надлежност на Општина Карпош.
До крајот на 2026 година е предвидено поставување фотоволтаична централа и на уште еден објект на детската градинка „Мајски цвет“ во Карпош 4.



ОПШТИНА КАРПОШ ДЕЛ ОД РЕГИОНАЛНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Во Град Скопје, се одржа работна средба на која беше презентиран проектот „ЕУ поддршка за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Скопскиот регион“.
На средбата присуствуваше градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, а во фокусот беше концептот за воспоставување интегриран, еколошки одржлив и финансиски одржлив регионален систем за управување со отпад.

Проектот е финансиран од Европската Унија, а го имплементира „Louis Berger“, со цел поддршка на регионалниот систем и подобрување на управувањето со отпадот во Скопскиот плански регион.
Посебен акцент беше ставен на јасното распределување на надлежностите и одговорностите меѓу Министерството, Град Скопје, општините, Центарот за развој на Скопскиот плански регион и јавните комунални претпријатија, вклучително и ЈП „Дрисла“.



МЕЃУОПШТИНСКИ СПОРТСКИ ИГРИ ВО ЧЕСТ НА 50-ГОДИШНИОТ ЈУБИЛЕЈ НА КАРПОШ

Започнаа јубилејните Меѓуопштински спортски игри, во организација на Општина Карпош, со учество на младите спортисти од Карпош, Кисела Вода, Аеродром и Гази Баба.

На фудбалскиот терен во ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“, во полуфиналните натпревари Карпош ја совлада Кисела Вода со 6:1, додека Аеродром беше подобар од Гази Баба со 6:1.

Финалето е утре, со почеток во 11:00 часот.
Возбудливо беше и во спортската сала „Партизан“, каде Аеродром го совлада Карпош со 44:41, а Кисела Вода славеше против Гази Баба со 44:33. И кошаркарското финале ќе се игра утре од 11:00 часот.

Спортски дух, фер-плеј и силна конкуренција – младите покажаа дека иднината на спортот е во сигурни раце!



ВОЗБУДЛИВИ ФИНАЛИЊА ВО ФУДБАЛ И КОШАРКА ВО КАРПОШ

Во рамки на Меѓуопштинските спортски игри, организирани по повод 50-годишниот јубилеј на Општина Карпош, се одиграа финалните натпревари во фудбал и кошарка.
На спортското игралиште „Христијан Тодоровски – Карпош“, во неизвесно фудбалско финале, Општина Аеродром ја совлада Општина Карпош со 2:1 и го освои победничкиот пехар. Во борбата за третото место, Гази Баба ја совлада Кисела Вода на пенали со 4:2, по нерешените 2:2 во регуларниот дел.

Во спортската сала „Наум Наумовски – Борче – Партизан“, Аеродром триумфираше и во кошаркарското финале, совладувајќи ја Кисела Вода со 51:44. Третото место го освои Карпош, кој ја совлада Гази Баба со 63:46.
Пехарите и дипломите на најуспешните екипи ги врачи градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, кој им честиташе на сите млади спортисти за прикажаната игра, спортскиот дух и фер-плејот.



ОТВОРЕН ДЕН – ДИРЕКТНО СО ГРАЃАНИТЕ НА КАРПОШ

Во Општина Карпош се одржа четвртиот „Отворен ден“, на кој голем број карпошани имаа можност директно да разговараат со градоначалникот Сотир Лукровски и раководителите на општинските сектори.

Граѓаните ги споделија своите прашања, предлози, иницијативи и конкретни проблеми, а преку директната комуникација добија можност да разговараат со надлежните служби и да добијат информации за нивното решавање.
Отворената комуникација со граѓаните е важен дел од креирањето локални политики што одговараат на реалните потреби на заедницата.
Општина Карпош продолжува со практиката на отвореност, достапност и директен дијалог со граѓаните, затоа што секоја иницијатива и секој предлог се важни за подобар живот во Карпош.



180 НОВИ ДРВЈА ЌЕ ГО ЗБОГАТАТ ЗЕЛЕНИОТ ФОНД НА КАРПОШ

Општина Карпош продолжува со активности за унапредување и зголемување на зелените површини на својата територија. Во рамки на есенската акција за садење, предвидено е засадување на 180 висококвалитетни листопадни садници на претходно утврдени локации. Во текот на денешниот и утрешниот ден, околу 60 садници ќе бидат засадени во урбаните заедници Карпош 1 и Карпош 2, по што акцијата ќе продолжи и во останатите урбани и месни заедници.

Меѓу видовите кои ќе го збогатат зеленилото се горски и црвен јавор, црн јасен, липа, жалосна софора и црвенолисна слива. Со зголемувањето на зелениот фонд, Општина Карпош продолжува да придонесува кон подобрување на квалитетот на животната средина, создавање попријатни јавни простори и унапредување на условите за живеење на граѓаните.



50 ГОДИНИ КАРПОШ – 50 ГОДИНИ СОЛИДАРНОСТ

По повод 50-годишниот јубилеј на Општина Карпош, се одржува крводарителска акција, во период од 09:00 до 17:00 часот, во холот на општинската зграда.

Крвта е живот, а хуманоста и солидарноста се вредности кои треба да нè обединуваат. Токму солидарноста е длабоко врежана во историјата на Скопје и Карпош – особено по катастрофалниот скопски земјотрес во 1963 година, кога помошта и поддршката од меѓународната заедница беа симбол на човечност и заедништво.
Ги повикуваме карпошани да се приклучат на акцијата и со еден хуман гест да покажат дека солидарноста и денес живее во Карпош.



ПРИЗНАНИЈА ЗА ДОЛГОГОДИШНИТЕ КРВОДАРИТЕЛИ ОД КАРПОШ

Во рамки на крводарителската акција, која сè уште е во тек, градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, додели благодарници на десет долгогодишни крводарители кои крв дарувале повеќе од 35 пати.
Со ова признание се оддава почит на нивната хуманост, посветеност и континуиран придонес во спасувањето човечки животи. Благодарници беа доделени и на дел од редовните крводарители – вработени во Општина Карпош, како и на граѓани кои со години наназад несебично ја покажуваат својата хуманост преку крводарување.

Градоначалникот Лукровски ги поздрави сите крводарители и ги охрабри оние кои сè уште се двоумат да се приклучат кон оваа хумана акција.
„Крводарувањето е многу повеќе од хуман гест. Тоа е чин на солидарност, грижа и одговорност кон заедницата. Со секоја дарувана единица крв се испраќа силна порака дека хуманоста нема граници и дека со многу малку можеме да направиме голема разлика за граѓаните на кои најмногу им е потребна“, рече Лукровски.
Општина Карпош упатува искрена благодарност до сите крводарители и хумани граѓани кои со својата несебичност, солидарност и човечност придонесуваат за спасување човечки животи.



ГРИЖАТА ЗА ЗДРАВЈЕТО ДЕНЕС Е ИНВЕСТИЦИЈА ВО ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ

На платото пред Т.Ц. „Лептокарија“, невладината организација „До бебе – по патот на ин витро“, која е дел од Ресурсниот центар Карпош, спроведе активност за подигнување на свеста за важноста на грижата за сопственото здравје, активниот начин на живот, превенцијата и редовните здравствени контроли, како значајни фактори за зачувување на репродуктивното здравје.

На минувачите им беа поделени информативни материјали и симболично по едно јаболко, како потсетник дека здравите навики и грижата за себе се важен чекор кон поквалитетен и поздрав живот.
Организацијата „До бебе – по патот на ин витро“ како членка на европската организација “Fertility Europe”, има значајна улога во навременото информирање, поддршката и застапувањето на лицата кои се соочуваат со неплодност и репродуктивни предизвици.
Да се грижиме за здравјето денес, за поздрава иднина утре!



ТРИУМФ НА КАРПОШАНКИ ВО ФИНАЛЕТО ОД ОДБОЈКА НА МЕЃУОПШТИНСКИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ

Во рамки на одбележувањето на големиот јубилеј – 50 години постоење на Општина Карпош, се одигра финалниот натпревар во одбојка од Меѓуопштинските спортски игри. Во динамична атмосфера, екипите од Општина Карпош и Општина Кисела Вода прикажаа квалитетна и борбена игра после која доминатно титулата им припаднан на одбојкарките од Општина Карпош. Натпреварот беше исполнет со атрактивни поени, голема борбеност и вистински спортски дух. Одбојкарките на Карпош доминираа во текот на целиот меч и заслужено славеа со 2:0 во сетови, откако супериорно ги добија двата сета со 25:10 и 25:12

Пред големото финале, во натпреварот за третото место се судрија одбојкарските тимови од Општина Аеродром и Гази Баба. Подобри во борбата за третата позиција од овој меч беа аеродромските одбојкарки кои убедливо ја заверија победата со 2-0 во сетови (25:14 / 25:16)

Пехарите и дипломите ги додели градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски кој им честиташе на учесниците за прикажаната игра, борбеноста и фер-плејот, нагласувајќи дека Општина Карпош ќе продолжи и во иднина да ги поддржува спортските активности кои придонесуваат за развој на младите и за афирмација на спортот.



МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД НА КАРПОШАНИ

Во увид на градежните работи на градинката „Пролет 2“, во населбата Козле, во близина на слаткарницата „Канела“, беа градоначалникот на Општина Карпош Сотир Лукровски и министерот за социјална политика, демографија и млади, Ѓоко Велковски. Првиот човек на Карпош изрази задоволство, што со засилена динамика се гради оваа градинка во населбата Козле, која освен што ќе прерасне во модерен сместувачки објект, ќе го зголеми и капацитетот за прием на нови дечиња.

Првиот човек на Општината, при обиколка на градежниот објект, на министерот Велковски му ги презентираше капацитетите со кои ќе располага новата модерна градинка и го информираше за динамиката на работата. Двајцата изразија задоволство, што наскоро Општина Карпош ќе добие современ сместувачко-згрижувачки објект за најмалите карпошани, според сите предвидени стандарди.
Новата градинка „Пролет 2“, ќе се простира на 1.100 м2 на приземна површина, на која ќе бидат сместувачките капацитети. Од подземниот кат, вкупно 600 квадратни метри ќе бидат наменети за паркинг, додека преостанатите ќе бидат помошни простории. На првиот кат, 1000 м2 ќе бидат предвидени за згрижувачки капацитети за дечињата, додека другите 100 м2, ќе бидат наменети за помошни простории во градинката. Општина Карпош постојано вложува средства во подобрување на инфраструктурните, просторните и воспитно-образовните капацитети на сите градинки кои се наоѓаат на нејзината територија.



РОДЕНДЕНСКА ПОСЕТА НА ДОМОТ ЗА СТАРИ ЛИЦА „МАЈКА ТЕРЕЗА”

По повод 50 годишнината од одбележувањето и постоењето на Општина Карпош, градоначалникот Сотир Лукровски и претставници од Одделението за детска, здравствена и социјална заштите ги посетија граѓаните кои престојуваат во домот за стари лица „Мајка Тереза” во Бардовци. Во духот на почитта, грижата и меѓугенерациската солидарност, Лукровски им посвети внимание и почит на штитениците во домот. Тој ги поздрави и им порача да бидат секогаш позитивни и среќни што за нив се грижат на најдобар можен начин.

„Оваа година нашиот Карпош слави 50 години од своето основање и како што налага нашата традиција, денеска се дружиме со нашите постари сограѓани. Сакам да потенцирам дека нашата соработка ќе продолжи и во иднина и во таа насока да се стремиме кон подобрување на условите за вашиот престој во оваа установа. Водно ви ветувам дека ќе сториме се што е во наша можност да ви го олесниме секојдневието. Да сте ми живи и здрави, ми претставува особено задоволство кога сум меѓу вас и да се гледаме заедно уште многу пати“ – истакна градоначалникот Лукровски.



ШАХОВСКА СРЕДБА НА ГЕНЕРАЦИИ

Во холот на Општина Карпош се одржа симултан шаховски натпревар, меѓу 85-годишниот шаховски интернационален мајстор, Димитар Илиевски, и триесетина дечиња од Карпош. Убавината на денешниот натпревар е што на шаховската табла се среќаваат шахисти од 5 до 85 годишна возраст. Оваа „симултанка“, беше одлична увертира за утрешниот шаховски турнир „Карпош Рапид“ кој ќе се одржи по повод одбележување на педесетгодишнината на локалната самоуправа, на кој ќе настапат околу 150 учесници од девет земји.

Шаховскиот натпревар официјално го прогласи за отворен, градоначалникот на Општина Карпош Сотир Лукровски, кој во оваа пригода му додели благодарница на искусниот интернационален мајстор, по повод 85 години живот, негување на спортскиот дух, посветеност кон шахот и создавање традиција што ги поврзува генерациите. Првиот човек на Општината истакна дека овој шаховски дуел е одлична можност, македонскиот интернационален мајстор да им го пренесе знаењето и искуството од древната игра на најмладите карпошани, велејќи дека шахот е совршен спорт за развивање на менталните и интелектуалните можности, особено за младите генерации.

„Ми претставува голема чест и задоволство да присуствувам на оваа шаховска симултанка, каде што нашиот највозрасен и најискусен меѓународен шаховски мајстор, им ги пренесува тајните на најдревната игра на нашите млади шахисти. Би сакал да изразам и голема благодарност и до шаховскиот клуб ГАМБИТ assecо за сета нивна поддршка. Особено сум среќен што успеавме да ги заинтригираме нашите млади шаховски ентузијасти, денеска да дојдат и да го надградат своето знаење, учејќи од еден од најискусните мајстори на оваа игра.



ЧЕТИРИНАЕСЕТ НОВИ КЛУПИ ПОСТАВЕНИ НИЗ КАРПОШ

На претходно мапирани и утврдени локации, низ територијата на општина Карпош, беа поставени 14 нови клупи за седење. Имено, новата урбана опрема беше поставена во дворот на спортската сала „Наум Наумовски-Борче“ – (Партизан), потоа во рамки на училишниот двор во ООУ „Владо Тасевски, на булеварот „Партизански одреди“ бр. 129, како и на улиците „Јуриј Гагарин “ бр. 57, „Воденска“, „ Бранислав Нушиќ“ и “„Рузвелтова“ бр. 59.

Општина Карпош, со несмален интентизет продолжува да ја реновира и реконструира постојната урбана опрема. Онаму каде што има потреба, исто така, на барање на граѓаните, локалната самоуправа поставува и нови урбани елементи (клупи за седење и корпи за отпадоци), со го подигнува и квалитетот на урбаното живеење во општината.



„КАРПОШ РАПИД“ 2026 – ШАХОВСКИ СПЕКТАКЛ ВО ЧЕСТ НА 50 ГОДИНИ ОПШТИНА КАРПОШ

По повод педесетгодишнината од основањето на Општина Карпош, во хотелот „Александар Палас“, се одржа реномираниот шаховски турнир „Карпош Рапид“ 2026. На него учествуваа околу 150 учесници, од осум земји, кои се натпреварува во најдревната игра. Освен македонски шахисти, на турнирот настапуваа и натпреварувачи од соседните држави: Србија, Албанија, Бугарија, Грција и Косово. Исто така германски и словачки шахисти, со своето шаховско знаење и умеење го збогатија овој спортски турнир кој се одржува на територијата на општина Карпош.

Градоначалникот на Општината, Сотир Лукровски, го прогласи турнирот за отворен, ги поздрави сите учесници и истакна дека шаховскиот турнир е одлична можност за интернационална промоција на Општина Карпош: -Ми претставува исклучителна чест, што нашиот Карпош е покровител на овој меѓународен реномиран шаховски турнир. Шахот, како што велат е најдревната игра, затоа ние како локална самоуправа, преку овој „интелектуален“ спорт, сакаме да ги развиваме умствените капацитети и на нашите ученици, но и на нашите сограѓани.По тој повод, Општина Карпош, во иднина, ќе вложува финансиски и логистички средства за поголема афирмација на шахот, особено кај младите карпошани, нагласи Лукровски.

По долго надмудрување на шаховската табла, најдобар резултат постигна Словакот, Војчек Плат, кој го освои овогодишниот турнир „Карпош Рапид“ 2026. Второто место го обезбеди Македонецот Никола Николовски, додека пак неговиот сонародник Антон Златков, се најде на третата позиција.

